# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

**14 ноември 2018 | Излегува по потреба | Година XIII | број 19**



**e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk** **http://www.gazibaba.gov.mk**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 03 БЛОК 03, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03 Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 08.11.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5165/1**
**од 13.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 39 став (5) и став (9) и член 42 став (3), став (5) и став (7) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Шеснаесеттата седница одржана на ден 08.11.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 03 БЛОК 03, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03 Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје.

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03 Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје, ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012-2022 год. ("Службен гласник на Град Скопје" бр.18/12) Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план,деталем урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура ("Службен весник на РМ" бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

### Член 2

Со оваа одлука се опфаќа простор со површина од 9,14 ха кој е во рамките на следните граници:

Границите на планскиот опфат се следните:

- **Југ:** по осовина на улица "Перо Наков";
- **Запад:** по осовина на улица "С1";
- **Север:** по осовина на улица "С2";
- **Исток:** по осовина на улица "С3".

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 10 кои се дадени табеларно со X и Y координати:

| КООРДИНАТИ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ | | |
|---|---|---|
| | X | Y |
| T1 | 540055.94 | 650565.79 |
| T2 | 540180.96 | 650575.78 |
| T3 | 540305.98 | 650585.63 |
| T4 | 540396.98 | 650593.04 |
| T5 | 540541.11 | 650595.82 |
| T6 | 540684.56 | 650581.39 |
| T7 | 540685.06 | 650577.2 |
| T8 | 540694.21 | 650465.7 |
| T9 | 540661.47 | 650463.1 |
| T10 | 540067.22 | 650415.31 |

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 03 Блок 03, Општина Гази Баба-Скопје, со тех.бр.28/16 од август 2018 година, изготвен од Друштво за архитектонски дејности и инженерство, техничко испитување и анализа "ТАЈФА АРХИТЕКТИ" ДООЕЛ Куманово, содржи:

**А. ОПШТ ДЕЛ**

- Потврда за регистрирана дејност
- Тековна состојба на правно лице
- Лиценца за изработка на урбанистички планови
- Решение за назначување на планер(и)
- Овластување за изработување на урбанистички планови односно планер, потписник на планска документација
- ПРИЛОЗИ НА ОПШТИОТ ДЕЛ

**Б. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
- ГРАФИЧКИ ДЕЛ
- ПРИЛОЗИ

**В. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
- ГРАФИЧКИ ДЕЛ
- ПРИЛОЗИ

**СОДРЖИНА НА ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

1. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ................................. 4
2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА ОКОЛИНА ............................................................................................. 4

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ ЧИНИТЕЛИ ........ 5
3.1. Географски податоци ........ 5
3.2. Релјефни услови, наклон и експозиција на терените ........ 5
3.3. Геотектонски и инженериско-геолошки карактеристики ........ 5
3.4. Сеизмички карактеристики ........ 5
3.5. Климатски и микро-климатстски услови на регионот ........ 5
3.6. Хидрографија и хидрологија ........ 6
3.7. Пејсаж и природни ресурси ........ 6
4. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ ........ 6
5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ........ 7
6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ И ГРАДБИ ........ 9
7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ........ 9
7.1. Хидротехничка инфаструктура ........ 9
7.2. Гасоводна инфаструктура ........ 10
7.3. Топлотна инфаструктура ........ 10
7.4. Електро-енергетска инфаструктура ........ 10
7.5. Телекомуникациска инфаструктура ........ 10
8. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ........ 10
9. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ ........ 11
10. ДРУГИ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ........ 12
11. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ........ 14

## СОДРЖИНА НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1.ВИД НА ПЛАНОТ, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД ........ 5
2.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИТ ОПФАТ ........ 5
2.1.Парцелирано градежно земјиште ........ 6
3.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА И НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА ........ 8
3.1.Плански опфат ........ 8
3.2.Блокови ........ 9
3.3.Регулациона линија ........ 9
3.4.Граница на градежна парцела ........ 9
3.5.Градежни парцели ........ 9
3.6.Намена на земјиште ........ 9
3.7.Градежни линии ........ 11
3.8.Површини за градење ........ 11
3.9.Максимална височина на градбите ........ 11
3.10.Процент на изграденост ........ 12
3.11.Коефициент на искористеност ........ 13
3.12.Комунална инфраструктура – сообраќајна инфраструктура ........ 13
3.12.1Динамички сообраќај ........ 13
3.12.2Стационарен сообраќај ........ 14
3.12.3Нивелмански план ........ 14
3.13.Комунална инсталациона мрежа ........ 14
3.13.1Водовод ........ 15
3.13.2Фекална канализациона мрежа ........ 16
3.13.3Атмосферска канализациона мрежа ........ 17

3.13.4Електро-енергетска инфаструктура и објекти ..... 17
3.13.5Улично осветлување ..... 19
3.13.6Телекомуникациска инфраструктура и објекти ..... 19
3.13.7Гасоводна инфраструктура ..... 19
3.14.Топловодна инфаструктура ..... 20
3.15.Хортикултура и партер ..... 20
3.16.Елементи на обликување на градбите во градежните парцели ..... 20
3.17.Економско образложение на планските решенија ..... 21
3.17.1Економска матрица на Урбанистичкиот план ..... 21
4.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ..... 23
4.1.Мерки за заштита на културното наследство ..... 23
4.2.Мерки за заштита на животна средина ..... 24
4.3.Заштита на почвата и подземните води ..... 25
4.4.Заштита од бучава ..... 26
4.5.Заштита на воздухот ..... 26
4.6.Управување со отпадот ..... 26
4.7.Мерки за заштита и спасување ..... 27
4.8.Урбанистичко-технички мерки ..... 28
4.8.1Засолнување ..... 28
4.8.2Заштита и спасување од поплави ..... 29
4.8.3Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи ..... 29
4.8.4Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ..... 30
4.8.5Заштита и спасување од урнатини ..... 30
4.8.6Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи ..... 31
4.8.7Спасување од сообраќајни несреќи ..... 32
4.9.Хуманитарни мерки ..... 32
4.9.1Евакуација ..... 32
4.9.2Згрижување на настрадано и загрозено население ..... 32
4.9.3Радиолошка, хемиска и биолошка заштита ..... 32
4.9.4Прва медицинска помош ..... 33
4.9.5Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло ..... 33
4.9.6Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло ..... 33
4.9.7Асанација на теренот ..... 34
4.9.8Свлекување на земјиштето ..... 34
5.ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ..... 34
5.1.Плански опфат ..... 34
5.2.Блокови ..... 35
5.3.Регулациона линија ..... 35
5.4.Граница на градежна парцела ..... 35
5.5.Градежни парцели ..... 35
5.6.Намена на земјиште ..... 35
5.7.Градежни линии ..... 37
5.8.Површини за градење ..... 37
5.9.Максимална височина на градбите ..... 38
5.10.Процент на изграденост ..... 39
5.11.Коефициент на искористеност ..... 40
5.12.Сообраќајна инфраструктура ..... 40
5.12.1Динамички сообраќај ..... 40
5.12.2Стационарен сообраќај ..... 40
5.12.3Нивелмански план ..... 41
5.13.Услови за движење на инвалидизирани лица ..... 41
5.14.Зеленило ..... 41

5.15.Водовод и канализација ........ 42
5.16.Електро-дистрибутивна и телефонска инфраструктура ........ 42
5.17.Телефонска инфраструктура ........ 42
5.18.Гасоводна инфраструктура ........ 42
5.19.Топловодна инфаструктура ........ 42
5.20.Елементи на обликување на градбите во градежните парцели ........ 43
5.21.Мерки за заштита и спасување ........ 43
5.22.Заштита на културно наследство ........ 44
5.23.Заштита на животна средина ........ 44
5.24.Преодни одредби ........ 44
6.ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ........ 44
7.НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ........ 49
7.1.Билансни показатели ........ 49
7.2.Споредбени биланси ........ 49
7.3.Табеларен приказ на архитектонско - урбанистичките параметри за градба ........ 52

**Графички дел**

1. План на намена на земјиштето и градбите 1:1000
2. Регулационен план 1:1000
3. План на површини за градење 1:1000
4. Сообраќаен и нивелациски план 1:1000
5. Инфраструктурен план 1:1000
6. Синтезен план 1:1000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план,детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (''Службен весник на РМ'' бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Член 4**

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на планот.

**Член 5**

Донесувачот на Деталниот урбанистички план е должен примерок од донесениот Детален урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

**Член 6**

Донесениот Детален урбанистички план се применува по прикачување на одлуката за донесување во електронска форма во информацискиот систем е-

урбанизам, од страна на донесувачот на планот и по извршеното дигитално преклопување на урбанистичкиот план од страна на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5005/3**
**од 08.11.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 11 БЛОК 02, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Деталeн урбанистички план за Градска четврт ЦС 11 Блок 02, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 08.11.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-5165/2**
**од 13.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 39 став (5) и став (9) и член 42 став (3), став (5) и став (7) од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Шеснаесеттата седница одржана на ден 08.11.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 11 БЛОК 02, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 11 Блок 02, Општина Гази Баба - Скопје.

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 11 Блок 02, Општина Гази Баба - Скопје, ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012-2022 год. ("Службен гласник на Град Скопје" бр.18/12) Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план,детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура ("Службен весник на РМ" бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

### Член 2

Со оваа одлука се опфаќа простор со површина од 15,50 ха кој е во рамките на следните граници:

Границите на планскиот опфат се следните:

- **Север:** осовина на транзитна магистрална улица - булевар "Александар Македонски";
- **Исток:** осовина на градска магистрална улица - булевар "Киро Глигоров";
- **Југ:** осовина на сервисна улица "С1" ("Романија";
- **Запад:** осовина на сервисна улица "С2".

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 22 кои се дадени табеларно со X и Y координати:

| | | |
|---|---|---|
| **Т1** | y=7539461.9600 | x=4650959.4800 |
| **Т2** | y=7539447.7250 | x=4651016.7200 |
| **Т3** | y=7539442.7087 | x=4651039.9065 |
| **Т4** | y=7539434.3626 | x=4651073.1649 |
| **Т5** | y=7538971.4061 | x=4650959.0701 |
| **Т6** | y=7538984.4917 | x=4650817.7381 |
| **Т7** | y=7538995.8598 | x=4650697.9366 |
| **Т8** | y=7539070.3961 | x=4650703.5276 |
| **Т9** | y=7539173.1715 | x=4650711.2367 |
| **Т10** | y=7539275.9469 | x=4650718.9459 |
| **Т11** | y=7539293.7938 | x=4650720.2846 |
| **Т12** | y=7539378.7223 | x=4650726.6551 |
| **Т13** | y=7539481.4977 | x=4650734.3643 |
| **Т14** | y=7539584.2731 | x=4650742.0734 |
| **Т15** | y=7539583.1236 | x=4650743.0865 |
| **Т16** | y=7539581.9753 | x=4650744.2356 |
| **Т17** | y=7539551.0300 | x=4650775.2000 |
| **Т18** | y=7539525.8500 | x=4650803.6200 |
| **Т19** | y=7539505.1600 | x=4650834.0950 |
| **Т20** | y=7539489.1150 | x=4650867.1400 |
| **Т21** | y=7539481.3500 | x=4650888.4650 |
| **Т22** | y=7539461.9600 | x=4650959.4800 |

Површината во границите на планскиот опфат изнесува **15,50 ха**.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Градска четврт ЦС 11 Блок 02, Општина Гази Баба-Скопје, со тех.бр. 0801-08-03/17 од 08/2018 година изготвен од - Друштво за производство, трговија и услуги "ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ" Сашо Иванов ДООЕЛ, Битола, содржи:

**С о д р ж и н а**

- Насловна страна

**Податоци за изработувачот**

- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А. Текстуален дел:**

1. Површина и опис на границите на планскиот опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина
3. Податоци за природните чинители

4. Податоци за создадените вредности и чинители
5. Инвентаризација на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат, На изградениот градежен фонд и на вкупната физичка супраструктура
6. Инвентаризација на постојни споменички целини, градби од културно-историско значење и културни предели (заштитно-конзерваторски основи)
7. Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура
8. Анализа на степен на реализација на важечкиот урбанистички план
9. Анализа на можностите за просторен развој
10. Други податоци и информации од субјектите од член 32 од ЗПУП

**Б. Нумерички дел:**
1. Нумерички показатели

**В. Графички дел:**
1. Извод од план од повисоко ниво
2. Извод од постоен урбанистички план, урбанистичко-планска документација и одобрени урбанистички проекти, кои се однесуваат на планскиот опфат
3. Извод од постоен урбанистички план, урбанистичко-планска документација и одобрени урбанистичкипроекти, кои граничат со планскиот опфат
4. Збирен графички прилог со нанесени плански решенија од донесени урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и одобрени урбанистички проекти 1 : 1000
5. Дигитализирана ажурирана геодетска подлога со нанесена граница на плански опфат 1 : 1000
6. Инвентаризација на изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат и на изградената комунална инфраструктура 1 : 1000

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А. Текстуален дел:**
1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат (топоними и опис), Плански период, површина на плански опфат
2. Опис и образложение на планскиот концепт
3. Опис и образложение на планските решенија за изградба
4. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
5. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите

**Б. Нумерички дел:**
1. Нумерички показатели
2. Билансни показатели

**В. Графички дел:**
1. План на намена на земјиштето и градбите 1 : 1000
2. Регулационен план, план на површини за градење и план на зеленило 1 : 1000
3. Сообраќаен план и нивелациски план 1 : 1000
4. Инфраструктурен план 1 : 1000
5. Синтезен план 1 : 1000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план,детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура ("Службен весник на РМ" бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Член 4**

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на планот.

**Член 5**

Донесувачот на Деталниот урбанистички план е должен примерок од донесениот Детален урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

**Член 6**

Донесениот Детален урбанистички план се применува по прикачување на одлуката за донесување во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на планот и по извршеното дигитално преклопување на урбанистичкиот план од страна на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5005/4**
**од 08.11.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**- За изградба на други објекти (капитални расходи) во населено место Автокоманда - монтажен паркинг кај плоштадот -**

1. Се објавува Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на други објекти (капитални расходи) во населено место Автокоманда - монтажен паркинг кај плоштадот, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 08.11.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5165/3**
**од 13.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Шеснаесеттата седница одржана на ден 08.11.2018 година, донесе

# П Л А Н

## НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## - За изградба на други објекти (капитални расходи) во населено место Автокоманда - монтажен паркинг кај плоштадот -

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба донесе План на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на други објекти (капитални расходи) во населено место Автокоманда - монтажен паркинг кај плоштадот.

### Член 2

Образец В 1

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име на буџетска програма | УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | Ознака на буџетска програма | ФА |
| Развојна потпрограма | ИЗГРАДБА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) ВО НАСЕЛБА АВТОКОМАНДА - монтажен паркинг кај плоштадот | Ознака на развојна потпрограма | ФАД |
| Лице за контакт | Сашо Трајков | тел. и факс | 003892 322 66 55 / 3215 112 |
| Функција: | Раководител на сектор за локален економски развој и информациско-комуникациски развој | E-mail | contact@gazibaba.gov.mk |
| Адреса: | ул.„Архимедова“ бр. 2 - Општина Гази Баба | | |

| | ОПИС |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма** (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Да се зголеми капацитетот на паркинг места во населба Автокоманда, преку изградба на монтажен паркинг кај плоштадот до крајот на 2020 год.; Да се создадат предуслови за нормално одвивање на сообраќајот; Подобрување на квалитетот на живот на жителите на населба Автокоманда; |
| **Планирани активности** | 1 - Ревидирање на постојниот технички (основен) проект; 2 - Добивање на одобрение за градба; 3 - Распишување на јавен повик за јавна набавка; 4 - Изградба на монтажниот паркинг во населба Автокоманда кај плоштадот до крајот на 2020 година; 5 - Вршење надзор при изградбата; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Очекувани резултати** | 1- Изградба на монтажниот паркинг во населба Автокоманда - кај плоштадот, до крајот на 2020 год; 2 - Создавање на услови за нормално одвивање на сообраќајот во населба Автокоманда; 3 - Зголемување на атрактивноста на населба Автокоманда преку подобрување на условите за живот на жителите на населба Автокоманда. | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 - Проблеми во процесот на тендерирање на предметната набавка; 3 - Запазувањето на роковите од динамичкиот план за изградба на монтажниот паркинг во населба Автокоманда; | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Септември 2019 година | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2020 година | | |
| **Вкупна вредност** | 15.000.000,00 денари | | |
| **Име на студија** | | | |
| **Ниво на студија*** | ГП | | |
| **Автор/Фирма, Седиште** | | | |
| **Датум на изготвување на проектна документација** | | | |
| | | **2019** | **2020** |
| **Индикатори** | реализирани буџетски средства | **2.500.000,00** | **12.500.000,00** |

*ДИП = Документ за идентификација на проектот (студија)

ПФС = Предфизибилити студија

ИП = Идеен проект

ФС = Физибилити студија

ГП = Главен проект

## ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

| Извор на финансирање | Статус на финансирање* | Динамика за финансирање | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупен износ на проектот во МКД | Потрошено заклучно со 31/12/2016 | Предвидени расходи 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | По 2021 година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **Буџет (630)** | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Буџетско учество** | С | 15.000.000 | | | | 2.500.000 | 12.500.000 | |
| **ДДВ** | | | | | | | | |
| **Вкупни донации** | | | | | | | | |
| **Влада на РМ** ** | | | | | 0 | 0 | | |
| **Име на донатор**** | | | | | 0 | 0 | | |
| **Име на донатор**** | | | | | | | | |
| **Вкупно заеми** | | | | | | | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | 0 | 0 | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | | | | |
| **Име на кредитор**** | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | **15.000.000** | 0 | 0 | **0** | **2.500.000** | **12.500.000** | **0** |

**** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).***

**** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој пооделно.**

**Ако изворот на финансирање е донација од ЕУ, да се наведе дали се работи за ИПА средства**

******Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (јавните претпријатија на општината, регионални центри, невладини организации и др.)***

**Член 3**

Овој план на програми за развој на Општина Гази Баба влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5005/5**
**од 08.11.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ ЗА ПРЕСТОЈ И ИСХРАНА НА СЕМЕЈСТВА ОД ОПОЖАРЕНИ ДОМОВИ**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејства од опожарени домови, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 08.11.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5165/4**
**од 13.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 2 од Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.15/17), член 151 став (2) и член 183 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Шеснаесеттата седница одржана на ден 08.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ ЗА ПРЕСТОЈ И ИСХРАНА НА СЕМЕЈСТВА ОД ОПОЖАРЕНИ ДОМОВИ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба одобрува финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за покривање на трошоците за сместување и исхрана во Државен студентски Дом ''Томе Стефановиќ - Сениќ'' на 2 (две) семејства од опожарени домови на подрачјето на Општина Гази Баба (од населено место Автокоманда), за период од 2 (два) месеци и тоа ноември и декември 2018 година.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се одобруваат средства во вкупен износ до 96.000,00 денари со вклучен ДДВ, односно месечно по 48.000,00 денари по доставена фактура од Државен студентски Дом ''Томе Стефановиќ - Сениќ'', кои ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-5005/6**
**од 08.11.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03 Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје . . . . . 4

**ОДЛУКА** за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 11 Блок 02, Општина Гази Баба - Скопје . . . . . 11

**ПЛАН** на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на други објекти (капитални расходи) во населено место Автокоманда - монтажен паркинг кај плоштадот . . . . . 16

**ОДЛУКА** за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејства од опожарени домови . . . . . 22



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 19/18**
**16 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци